ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# Стратегија за развој на Државниот завод за ревизија 2018-2022

Скопје, декември 2017 година

Содржина Страница


| | |
|---|---|
| Предговор | 3 |
| Мисија и Визија | 5 |
| Основни принципи во работењето на ДЗР | 6 |
| Предизвици во Република Македонија | 7 |
| Функционирање на ДЗР | 10 |
| Меѓународни предизвици | 12 |
| Меѓународна соработка | 13 |
| Меѓународна рамка за функционирање на ДЗР | 17 |
| Стратешки цели на ДЗР | 20 |
| Стратешка цел 1- Осигурување целосна независност на ДЗР | 20 |
| Стратешка цел 2 - Понатамошен развој на квалитетот на државната ревизија | 21 |
| Стратешка цел 3- Понатамошен развој на системот за управувањето со институционалните капацитети на ДЗР | 26 |
| Стратешка цел 4 - Понатамошен развој на информацискиот систем во ДЗР, примена на информатичката технологија и нејзино рационално и ефикасно искористување во ревизијата | 31 |
| Стратешка цел 5- Унапредување на системот за комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни правни субјекти и информирање на јавноста за работењето на ДЗР | 32 |

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ISSAI | Меѓународни стандарди на Врховни ревизорски институции |
| ВРИ | Врховни ревизорски институции |
| ГДР | Главен државен ревизор |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ЕСР | Европски суд на ревизори |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕУРОСАИ | Европска организација на врховни ревизорски институции |
| ЗДР | Закон за државната ревизија |
| ИДИ | Иницијатива за развој во рамки на ИНТОСАИ (непрофитна организација која има за цел зајакнување на институционалните капацитети на ВРИ во земјите во развој во рамки на регионалните работни групи на ИНТОСАИ) |
| ИНТОСА И | Меѓународната организација на врховни ревизорски институции |
| ИПА | Инструменти за претпристапна помош (Pre-accession assistance) |
| ИТ | Информатичка технологија |
| ИФИС | Интегриран финансиско - информациски систем |
| МАТРА | Програма на Министерството за надворешни работи на Холандија за социјална трансформација насочена кон поддршка на реформите на државите и нивните институции во новите земји членки на ЕУ, земјите кандидати за членство, земјите потенцијални кандидати и земјите соседи на ЕУ. |
| НПАА | Национална програма за усвојување на правото на ЕУ |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ИФАК | Меѓународна организација на сметководители |
| РМ | Република Македонија |
| СИГМА | Поддршка во подобрување на управувањето и раководењето (здружена иницијатива на ОЕЦД и ЕУ) |
| ХСР | Холандски суд за ревизија |

*Почитувани,*

*Најважна цел на Државниот завод за ревизија е да придонесе јавните средства да се користат на најдобар можен начин. Само независна државна ревизија, извршена во согласност со меѓународно прифатена методологија од страна на ревизори кои ги имаат неопходните професионални квалификации и морален интегритет, може да гарантира остварување на оваа најважна цел.*

*Во текот на претходниот период опфатен со Стратегијата за развој на ДЗР 2013-2017, големиот број спроведени активности придонесоа да ја исполниме нашата цел. Оддавајќи признание на оствареното и извлекувајќи поуки од научените лекции, Државниот завод за ревизија продолжува да чекори по истиот пат и стратешки да се развива потпирајќи се на истите носечки столбови преточени во стратешки развојни цели. Мисијата, визијата и стратешките цели остануваат исти, а стратегијата за развој 2018-2022, обезбедува континуитет на поголем број активности и секако планира нови, кои ќе овозможат понатамошно унапредување на Државниот завод за ревизија и неговата работа.*

*Стратешките приоритети и новите трендови промовирани со Стратешкиот план на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) 2017-2022, како и со Стратешкиот план на Европската организација на врховни ревизорски институции (ЕУРОСАИ) 2017 – 2023, беа појдовна точка за Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија за наредниот петгодишен период. Поради тоа стратешките цели за периодот 2018-2022 година претставуваат чекор напред и скалило повисоко во процесот на континуиран раст и развој на Државниот завод за ревизија.*

*Оттука, промовирањето и подобрувањето на имплементацијата на Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ИССАИ), кои во голем дел се усвоени на Конгресот на ИНТОСАИ во 2010 год. како глобално прифатени професионални стандарди, упатства и најдобри практики, е уште еден начин кој овозможува понатамошен развој на квалитетот на државната ревизија како наша втора стратешка цел.*

*Од седумте клучни вредности на ИНТОСАИ содржани во Стратешкиот план на ИНТОСАИ 2017-2022, независноста и интегритетот се препознаени како носечки столбови кои овозможуваат да се постигне професионалноста и кредибилитетот преку соработка, иновации и вклученост. Во тој дух ДЗР ќе преземе активности за зајакнување на системот на контрола на институционалниот и индивидуалниот интегритет како превентивен механизам кој ги идентификува главните слабости и ризици за интегритетот и ја зајакнува отпорноста на институцијата со цел да спречи идни нарушувања на интегритетот.*

*Од активностите кои континуирано се одвиваат би сакала да го издвојам следењето на ефектите од извршените ревизии и следењето на степенот на исполнување на препораките од страна на ревидираните субјекти. Имено, преку дадените препораки секоја врховна ревизорска институција долгорочно и на ниво на систем ги засилува ефектите од државната ревизија и дава свој суштински придонес субјектите од јавниот сектор да го подобрат работењето и начинот на управување со јавните средства. Објавените ревизорските извештаи и дадените препораки можат да послужат како „практично упатство" за лицата кои донесуваат одлуки за начинот на користење на јавните средства, со што врховна ревизорска институција го засилува превентивниот ефект од својата работа. Оваа активност ја прави една врховна ревизорска институција успешна. Со високиот процент целосно или делумно спроведени препораки до денот на изготвувањето на Годишниот извештај на ДЗР за 2016 год. сметам дека Државниот завод за ревизија е успешна врховна ревизорска институција која ќе продолжи да презема такви активности и во наредниот период.*

*Со Стратегијата за развој на ДЗР 2018-2022 си поставивме јасни цели, кои со висок степен на залагање и голема доследност ќе се обидеме да ги оствариме во наредниот период.*

*Главен државен ревизор*

*м-р Тања Таневска*

## Мисија

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е Врховна ревизорска институција во Република Македонија која има за цел навремено и објективно да го информира Собранието, Владата, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии.

Државниот завод за ревизија обезбедува поддршка на Собранието на РМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификацијата и презентацијата на неправилностите, случаите на противзаконско работење, и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата.

Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување на управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Македонија.

## Визија

За успешно да ја исполнуваме нашата цел – водење грижа за јавните средства и да придонесуваме за унапредување на управувањето со истите, наша визија е дека треба континуирано да обезбедуваме квалитет во работењето со што би го задржале епитетот на независен и професионален партнер со висок интегритет кој истовремено е носител на напредокот во управувањето со јавните средства, отчетноста и транспарентноста во користењето на истите.

## Основни принципи во работењето на ДЗР

***Независност***

Стремеж за обезбедување целосна независност од законодавната и извршната власт и обезбедување доволно средства како услов за ефикасно остварување на овластувањата на ДЗР.

***Објективност***

Стремеж ревизорите да бидат објективни при практикувањето на работите на државната ревизија, чесни и ослободени од неусогласеност на интересите и давање мислења засновани исклучиво на докази кои се обезбедени и оформени согласно ревизорските стандарди на INTOSAI.

***Компетентност***

Стремеж за поседување знаење, искуства, објективност и авторитет при изразување на ревизорско мислење, заклучоци и препораки од страна на ревизорите посветувајќи должно внимание и грижа при примената на ревизорските стандарди на INTOSAI.

***Професионалност***

Стремеж за континуирано следење на новините од областа на работите на државната ревизија, применување најнови и врвни ревизорски техники и помагала, и постојана надградба и унапредувањето на умешноста и вештините на ревизорите.

***Тимска работа***

Стремеж за континуирано практикување на колегијална, сестрана, конструктивна и креативна соработка на ревизорите со доследно почитување на поединецот, јакнење на чувството на одговорност, совесност и професионалност, како услов за остварување на визијата, мисијата и стратешките цели на ДЗР.

***Транспарентност***

Стремеж за континуирано обезбедување транспарентност во работењето и презентирањето на резултатите пред Собранието на РМ и другите надлежни институции и јавноста.

***Интегритет***

Со цел да ја одржат довербата кај јавноста, однесувањето на ревизорите треба да биде надвор од секаков сомнеж и прекор. Интегритетот од ревизорите бара да внимаваат како на формата и духот на ревизијата, така и на етичките стандарди.

**Предизвици во Република Македонија**

Со потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија, Република Македонија активно учествува во процесот на стабилизација и асоцијација и ги спроведува сите обврски спрема Европската унија, кои произлегуваат од спогодбата.

Европската комисија обезбедува финансиска и техничка помош преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со чија реализација се остваруваат придобивките од разни регионални и прекугранични соработки и хоризонтални проекти. Во Република Македонија со ИПА фондовите се покриваат пет компоненти: градење на институции, прекугранична соработка, регионален развој, развој на човечки ресурси и рурален развој. Според последниот Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, спроведувањето на сите програми на ИПА напредува, при што Владата на Република Македонија ќе се насочи кон претстојната ИПА за периодот од 2014 до 2020 година.

Верификација на ефикасноста во функционирањето на системите за раководење и контрола на пред-пристапните фондови на Европската унија во Република Македонија и веродостојност на сметководствените трансакции и информации доставени до Европската Комисија ги врши Ревизорско тело кое постои како функционално независно тело од сите учесници во системите за децентрализирано управување и контрола со ИПА фондовите. Државниот завод за ревизија во рамки на своите надлежности, ќе ги зајакнува капацитетите за ревизија на средствата од фондовите на Европската унија, преку организирање на обуки и размена на искуства со други врховни ревизорски институции.

***Борбата против корупцијата***

Корупцијата има негативно влијание врз севкупниот живот и последиците од неа особено се одразуваат врз економскиот развој на земјата, бидејќи таа го еродира развојот, ги одвраќа странските инвеститори, ја поткопува довербата на граѓаните

во институциите на системот, а во значителна мерка ја зголемува сиромаштијата и невработеноста.

Државната комисија за спречување на корупцијата преку Државните програми ја креира потребата од подобрување и зајакнување на нормативните и институционалните капацитети за препознавање, откривање и не премолчување на корупцијата и афирмирање на сите фази на нејзино ефикасно санкционирање.

Во Државните програми се извлечени 11 сектори во кои проблемите со корупција и судир на интереси се најизразени, а тоа се: политички сектор, правосудство, јавна администрација, органи за спроведување на законот, царина, локална самоуправа, јавен сектор, приватен сектор, здравство, труд и социјална политика, образование и спорт, медиуми и граѓанско општество.

Државниот завод за ревизија учествува и во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) преку активностите предвидени во Поглавјето 3.23.1. Антикорупциска политика.

Со свој претставник Државниот завод за ревизија учествува и во работата на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата формирано од Владата на Република Македонија.

Во борбата против корупцијата Државниот завод за ревизија придонесува и со доставување на ревизорските извештаи до Државната комисија за спречување на корупција кога ќе утврди дека постои основано сомнение дека е сторен прекршок или кривично дело.

***Процес на зајакнување на финансиската контрола***

Процесот на зајакнување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола во Македонија е отпочнат во 2000 година и се спроведува преку развој и примена на принципите на децентрализирана одговорност на раководството и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија. Целта на овој процес е изградба на систем кој ќе гарантира разумно користење на јавните средства.

Клучен елемент во успешната реформа на системот на јавна внатрешна финансиска контрола е постоењето на соодветна правна рамка. Законот за јавна внатрешна финансиска контрола е донесен во 2009 година и е усогласен со барањата на Европската комисија.

Успешната имплементацијата на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола значи дека институциите од јавниот сектор имаат воспоставено функционален систем на внатрешни контроли и современ пристап на управување кој се базира на проценка на ризиците, што како краен ефект би имало поголема економичност, ефикасност и ефективност во работата на институциите од јавниот сектор.
Државниот завод за ревизија како врховна ревизорска институција во Република Македонија има за цел да придонесе кон добро управување со јавните средства заради зголемена доверба на граѓаните во нивната употреба.

Државниот завод за ревизија оваа цел ја остварува преку континуирано вршење на ревизија кај субјектите од јавниот сектор, согласно Законот за државната ревизија. Со вршење на ревизиите, навреме ги откриваме отстапувањата од прифатените стандарди и непочитување на принципите на регуларност, економичност, ефективност и ефикасност во управувањето со јавните средства, за да може да се преземат корективни мерки и да се прифати одговорноста.

Функционирањето на системот на интерни контроли кај субјектите од јавниот сектор е од круцијално значење за остварувањето на основната дејност на секој субјект од јавниот сектор преку обезбедување економично, ефективно и ефикасно работење и заштита на јавните средства од злоупотреби. Воспоставувањето на системот на интерни контроли и неговото ефикасно функционирање се редовен дел од ревизиите на регуларност кои Државниот завод за ревизија ги спроведува секоја година. Исто така, со годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година, се изврши ревизија на успешност кај 80 субјекти од јавниот сектор, со цел оценка на ефикасноста и ефективноста на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија, за кои се изработија посебни извештаи со препораки за негово подобрување. Праксата на спроведување на овој тип на ревизија на успешност продолжува и во наредните годишни програми за работа на Државниот завод за ревизија.

***Процес на воспоставување на информатичко општество***

Индустрискиот свет навлегува во фаза на фундаментални промени кои ги засегаат скоро сите аспекти од животот, што резултира во воспоставување на информатичко општество.

За да се достигне визијата Република Македонија да стане напредно информатичко општество, донесени се Национална стратегија за развој на информатичкото

општество и акционен план, Национална стратегија за развој на електронски комуникации со информатички технологии и Национална стратегија за е – вклучување.

Овие документи претставуваат еден целосен пакет кој ги постави насоките за креирање на новото дигитално опкружување, односно создаде проактивен амбиент за креирање и развој на новата дигитална економија и овозможи ефикасна имплементација и користење на ИКТ кај сите субјекти во Република Македонија.

Планираните мерки се однесуваат на развојот на комуникациската инфраструктура како единствена технолошка платформа за развој на информатичкото општество, и се предуслов за воведување и масовно користење на сите услуги на информатичкото општество (е-влада, е-образование, е-бизнис, е-здравство итн).

## Функционирање на ДЗР

Државниот завод за ревизија е независна врховна ревизорска институција за надворешна ревизија, со надлежност да врши ревизија на употребата на јавните средства во Република Македонија.

Надлежностите на Државниот завод за ревизија произлегуваат од Законот за државната ревизија, кој за прв пат е донесен во 1997 година и во изминатиот период повеќе пати е менуван и дополнуван, во насока на усогласување со основните принципи на Лима декларацијата за правилата и насоките на ревизијата.

Во текот на мај 2010 година донесен е нов Закон за државната ревизија, кој произлезе од потребата за усогласување на работењето на Државниот завод за ревизија со стандардите и критериумите на Европската унија во оваа област и пред се со Мексико декларацијата за независност на врховните ревизорски институции. Со Законот за државната ревизија се обезбеди засилување на оперативната и финансиската независност на Државниот завод за ревизија и се дефинира начинот на вршењето на ревизијата, како и постапката за донесување на конечен ревизорски извештај, што ќе придонесе во постигнување поголема ефективност и ефикасност во извршувањето на државната ревизија. Законот обезбедува транспарентност во работењето со објавување на годишниот извештај и конечните ревизорски извештаи на веб страницата на ДЗР.

Законот за државната ревизија, од неговото донесување досега беше менуван и дополнуван шест пати.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија кој е донесен во ноември 2010 година се изврши усогласување со Законот за државните службеници, со што се дефинира статусот на ревизорите како државни службеници, се утврдија звањата на овластените државни ревизори и државните ревизори соодветно на звањата на државните службеници и се утврдија коефициентите врз основа на кои се пресметува платата на овластените државни ревизори и државните ревизори.

Со втората измена и дополнување на Законот за државната ревизија, објавена во „Службен весник на РМ", бр. 12/2014, се уреди процесот на полагање испит за стекнување со уверение за овластен државен ревизор.

Со Законот за изменување и дополнувања на Законот за државна ревизија (трета измена и дополнување), објавен во „Службен весник на РМ", бр. 43/2014 се дополни постапката на избор на главен државен ревизор во делот на зголемување на транспарентноста на постапката (по пат на јавен оглас) и квалификациите кои треба ги поседуваат кандидатите. Се изврши и усогласување на Законот за државната ревизија со Законот за административни службеници во однос на статусот и платата на државните ревизори и другите вработени кои не вршат државна ревизија.

Со четвртата измена на Законот за државната ревизија објавена во „Службен весник на Република Македонија" број 154/15 се зајакнува одговорноста за сторен прекршок кај субјектот на ревизија во смисла што се проширува санкцијата не само на субјектот на ревизија како правно лице туку и на одговорното лице во субјектот на ревизија за случаите кога субјектот на ревизија нема да ја стави на располагање на овластениот државен ревизор, односно државниот ревизор потребната документација, исправи, извештаи и други информации заради вршење на државната ревизија или субјектот на ревизија на ревизорот му го ограничи обемот на испитувањата или ќе му оневозможи примена на одредени ревизорски постапки.

Со петта измена на Законот за државната ревизија објавена во „Службен весник на Република Македонија" број 192/15 се воведени допрецизирања на постапката на полагање испит за овластен државен ревизор по електронски пат и тоа во смисла што се пропишани конкретни дејствија кои треба да ги преземат како и оперативно-технички услови кои треба да ги обезбедат определени надлежни органи и лицата кои учествуваат како членови на комисијата за спроведувањето на испитот заради транспарентно и објективно спроведување на електронското полагање, како и однесувањето на кандидатите за време на полагањето испит.

Со шестата измена на Законот за државната ревизија објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 27/16 се врши правно техничко усогласување со концептот на законската регулатива во Република Македонија во делот на условите кои треба да ги исполнат односно квалификациите кои треба да ги поседуваат кандидатите за главен државен ревизор односно неговиот заменик (се однесува на доказите кои кандидатите треба да ги приложат за познавање странски јазик).

ДЗР работи согласно меѓународните ревизорски стандарди кои се усвоени за примена во Република Македонија. Согласно овие стандарди и одредбите на Законот за државна ревизија, ДЗР врши ревизија на регуларност и ревизија на успешност.

ДЗР врши ревизија на финансиските извештаи со цел изразување мислење дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот од финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени стандарди.

Државната ревизија опфаќа и постапка на испитување законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи, како и давање на оцена за користењето на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност .

Ревизорот мора да поседува соодветна компетентност. Поради тоа ДЗР обезбедува континуирана обука за своите вработени за ефикасно извршување на работните задачи и стекнување на пракса за имплементација на меѓународните ревизорски стандарди, другите стандарди и регулативи, како и за најновите достигнувања во ревизорската практика согласно европските стандарди и критериуми.

## Меѓународни предизвици

### *Понатамошен развој на ISSAI стандардите*

Во годините кои се пред нас, Комитетот за професионални стандарди и другите тела на INTOSAI ќе продолжат да ги развиваат и надополнуваат деталните Меѓународни стандарди на ВРИ (ISSAI), согласно потребите и развојот на самите врховни ревизорски институции, а со цел да се прошират познавањата на членките на INTOSAI за меѓународните стандарди за ревизија и хармонизација на примената на ISSAI стандардите во извршувањето на задачите на ВРИ.

Имплементацијата на ISSAI стандардите е една од најзначајните стратешки определби на Државниот завод за ревизија. Независноста и зголемената ефикасност во ревизијата која се овозможува со имплементацијата на овие меѓународни стандарди во секојдневното работење овозможува осигурување на квалитет и конзистентност во ревизиите што обезбедува кредибилитет и доверба од страна на јавноста како и значаен професионализам при извршувањето на ревизијата.

Согледување на нивото на имплементација на ISSAI стандардите за финансиска ревизија и ревизија на успешност, со помош на алатките изготвени и презентирани преку 3i – проектот на INTOSAI Development Initiative (IDI), беше извршено во периодот септември - декември 2013 година. Пополнетите алатки претставуваа основа за изготвување на Извештајот за проценка на усогласеност со ISSAI. Овој Извештај претставуваше основа за изработка на Стратегијата за имплементација на ISSAI стандардите (во 2014 година), со утврдување на стратешки опции за остварување на приоритети во имплементацијата, при тоа водејќи сметка за ресурсите, искуството и окружувањето. Согласно оваа Стратегија во период 2015 – 2017 година беа донесени нови методолошки акти за поддршка на главните ревизорски процеси во Државниот завод за ревизија.

Државниот завод за ревизија како членка на INTOSAI е дел од овие процеси, учесник во работни тела и групи кои INTOSAI ги формира за покренувања на значајни прашања од интерес на ВРИ.

## Меѓународна соработка

ДЗР е член на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (INTOSAI) од 2001 година и на Европската организација на врховните ревизорски институции (EUROSAI) од 2002 година.

Покрај тоа од 2002 година, односно од 2005 година ДЗР е член и на работната група за животна средина и на работната група за информатичка технологија на EUROSAI.

Од 2005 година ДЗР е активен член на мрежата на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во Европската унија и Европскиот суд на ревизори од Луксембург. ДЗР соработува со Европскиот суд на ревизори и по основ

на програмата за стажирање во Судот која им се нуди на ревизорите од ВРИ на земјите кандидати за членство во Европска унија.

ДЗР развива и одржува билатерална и мултилатерална соработка со други ВРИ, меѓународни организации и институции со цел размена на искуства и стекнување на нови знаења од областа на ревизијата на јавниот сектор.

Во рамки на оваа соработка беа реализирани, следните проекти:

- Во периодот од 2003-2005 година беше реализиран Проектот на Светска банка за развој на ДЗР, во рамки на кој консултанти на Светска банка изготвија материјали за обука и други прирачници, упатства и насоки со цел понатамошно усогласување на работењето на ДЗР со меѓународните стандарди. Во рамки на проектот беше подготвен прирачник за ревизија на успешност, програма за споделување на искуство и знаење и беше спроведена обука и организирани студиски патувања за вработените во ДЗР.
- Во периодот од 2005-2008 година Холандскиот суд за ревизија беше вклучен во твининг проект финансиран преку Холандската билатерална развојна поддршка (ODA), со цел да обезбеди подобрување на праксата и примена на методологија при извршување на ревизиите согласно добрата пракса и искуствата од ХСР во четири компоненти: правна рамка; градење на организациски и административни капацитети; подобрување на вештините на ревизорите, како и ИТ ревизија.

  Во рамки на втората компонента на твининг проектот, а на барање на ДЗР, во март 2007 година беше извршен Peer Review од страна на Врховната ревизорска институција на Сојузна Република Германија (Bundesrechnungshof). Peer Review- то обезбеди независно и професионално мислење за постигнатиот развој на ДЗР и со тоа претставува основа за продолжување на напорите на ДЗР за обезбедување статус на модерна, независна и ефективна врховна ревизорска институција.
- Размената на добрите пракси со Холандскиот суд за ревизија продолжи понатаму во рамки на МАТРА Пред-пристапен проект, кој започна со имплементација во почетокот на 2009 година и траеше до крајот на 2010 година, со цел усвојување нови знаења и унапредување на работата на ДЗР.
- Во текот на 2012 година ХСР и ДЗР реализираа уште еден проект, кој беше насочен кон воспоставување на професионално одржливи и ефективни релации меѓу ДЗР и Собранието на Република Македонија. Како резултат на

овој проект ДЗР и ХСР подготвија Прирачник за пратениците за разбирање на ревизорските извештаи под наслов „Вовед во ревизорските извештаи".

- ДЗР и Канцеларијата на главниот ревизор на Кралството Норвешка потпишаа Меморандум за соработка, чија главна цел е подобрување на капацитетите на ДЗР за извршување на високо квалитетни ревизии, преку воведување на електронски систем за управување со процесот на ревизијата ( Audit management system – AMS). Системот е официјално воспоставен и ревизиите во 2017 година се изведуваат со примена на AMS.
- ДЗР е корисник на твининг проектот „Понатамошно зајакнување на административниот капацитет и ефикасноста на надворешната ревизија на Државниот завод за ревизија" финансиран со програмата на Претпристапниот инструмент на Европската Унија – ИПА Компонента 1 – ТАИБ 2013 и истиот ќе започне со имплементација во јануари 2018 година. Проектот е предвидено да заврши заклучно со септември 2019 година. Главната цел на овој проект е да придонесе за целокупната хоризонтална координација на процесите за модернизација на јавната администрација, при што конкретно проектот е фокусиран на подобрувањето на административните капацитети и ефикасноста на надворешната ревизија на Државниот завод за ревизија, со цел да се подобри ефективноста и ефикасноста на институцијата во извршувањето на надворешната ревизија на јавните средства.

Проектот го сочинуваат четири компоненти и ќе биде фокусиран на обезбедување техничка помош во форма на стручни експертизи од областа на ревизијата, особено стратешкото планирање на ревизиите, спроведување обуки, стажирање и студиски посети во насока на подобрување на постоечките ревизорски методологии, воспоставување механизам за проактивна улога во третманот на конечните ревизорски извештаи од страна на Собранието, како и посебна посветеност на поддршка во зајакнување на институционалниот капацитет за ревизија на успешност во областите на јавните набавки, искористувањето на ЕУ фондовите од Република Македонија, функционалноста на внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор, информатичката технологија и комуникациите.

Проектот ќе се реализира со твининг партнерите од Врховните ревизорски институции на Република Бугарија и Република Хрватска.

***Соработка со СИГМА и ЕУ***

Соработката со SIGMA се одвива во рамките на активностите на мрежата. Имено, со логистичка и финансиска поддршка на SIGMA беа реализирани три активности од Рамковниот план на мрежата за 2016 и понатаму, кои се однесуваат на: работилница

за ревизорски мислења (Белград), тркалезна маса за независноста на ВРИ (Сараево) и конференција за односите меѓу ВРИ и парламентот. Оваа соработка како и до сега дава позитивни ефекти во процесот на изградба на Државниот завод за ревизија во компетентна институција за надворешна ревизија во согласност со критериумите на ЕУ и меѓународните стандарди за државната ревизија.

Државниот завод за ревизија имаше свој претставник во Одборот за ревизија на Агенцијата EUROCONTROL кој оваа одговорна задача за период од четири години ќе ја извршува до 2017 година. Оваа номинација, на барање на агенцијата претставува значајно признание и легитимитет за Државниот завод за ревизија на меѓународен план.

Во рамките на твининг проектот на IPA TAIB 2010 Програмата на Европската унија за понатамошното зајакнување на организационите и институционалните капацитети на РМ за процесот на европска интеграција, претставници на Државниот завод за ревизија учествуваат на обуката за методологијата на приближување на правото и на промоцијата на Прирачникот за транспонирање на законодавството на Европската унија во законодавството на Република Македонија.

***Мрежа на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во ЕУ и Европскиот суд на ревизори***

Соработката на Државниот завод за ревизија со Европскиот суд на ревизори од Луксембург континуирано се одвива од 2006 година по основ на програмата за стажирање што Судот ја организира за кадарот на ВРИ од земјите кандидати со цел подготовка на ревизорските структури во земјите кои аплицираат за членство во ЕУ: Македонија, Турција, Црна Гора, Србија и Албанија. Заклучно со 2017 година, петмесечната програма во Европскиот суд на ревизори ја заврши 16 вработени во Државниот завод за ревизија од редот на помладите ревизори.

Заради зајакнување на капацитетите на ДЗР за вршење на државна ревизија, користејќи ги најдобрите практики на ЕУ, а со поддршка на ЕУ преку Инструментот за претпристапна помош ќе се реализираат следните активности:

- Подобрување на имплементацијата на ISSAI преку анализирање, правење приоритети и хармонизирање (усогласување) на постојните методолошки акти со ISSAI имајќи го предвид релевантното искуство на други врховни ревизорски институции и нивна понатамошна дисеминација;
- Подобрување на ефикасноста на програмирањето и планирањето на ревизијата преку изготвување на методологија за повеќегодишно планирање имајќи го предвид релевантното искуство на други врховни ревизорски институции;
- Обезбедување континуиран развој на професионалните и техничките вештини на ревизорите и раководните лица преку размена и примена на

искуствата и најдобрите практики во вршење на ревизија на регуларност и ревизија на успешност;

- Унапредена комуникација и соработка на ДЗР со Собранието на РМ;
- Развиени политики и процедури/постапки за разгледување на ревизорските извештаи од страна на Собранието ;
- Унапредени политики и процедури/постапки на субјектите на ревизија за постапување по ревизорските извештаи (унапредена комуникација и соработка со субјектите на ревизија) ;
- Развиени политики и процедури/постапки во Владата за разгледување и постапување во врска со системските слабости утврдени во ревизорските извештаи заради понатамошно унапредување на управувањето со јавните средства и квалитетот на користењето на јавните средства;
- Унапредување на ИТ системот на ДЗР преку анализирање и идентификување на неопходната надградба на постојниот ИТ систем на ДЗР и развој на капацитетите за ИТ ревизија;
- Подобрување на протокот на информации на хоризонтално и вертикално ниво и анализа на комуникациските потреби на ДЗР.

## Меѓународна рамка за функционирање на ДЗР

### *Меѓународна организација на врховните ревизорски институции (INTOSAI)*

Меѓународната организација на ВРИ како заедница на врховните ревизорски институции, над 50 години обезбедува институционална рамка на ВРИ со цел промовирање развој и трансфер на знаење, подобрување на државната ревизија на светско ниво и зајакнување на професионалните капацитети, статус и влијание на членките во односните земји.

Согласно принципите на INTOSAI, размената на искуство меѓу членките, како и наодите и перцепцијата кои произлегуваат од размената, гарантираат напредок на државната ревизија паралелно со новите случувања.

### *Европска организација на врховните ревизорски институции (EUROSAI)*

Европската организација на врховните ревизорски институции (EUROSAI), има за цел да изгради рамка за размена на знаење меѓу нејзините членки, да го промовира заедничкиот развој и да ја подобри ревизијата на јавните средства. Како регионална организација на INTOSAI, таа опслужува вкупно 50 членки -европски ВРИ, во насока на изразување на нивните потреби, ставови и искуства во рамки на

INTOSAI, притоа насочувајќи ги своите стратешки цели кон остварување на целите и приоритетите на INTOSAI, но во фокус на специфичните потреби на европските членки.

***Меѓународни стандарди за ревизија***

Ревизорските стандарди на INTOSAI содржат основни принципи на ревизијата која ја вршат ВРИ. Тие и понатаму остануваат рамка за ревизорските стандарди на членките на INTOSAI. Истите треба да се разгледуваат согласно специфичните уставни, правни и други услови на ВРИ. Овие стандарди се усвоени за примена во Република Македонија при вршењето на државна ревизија.

Меѓународните стандарди за ревизија на ИФАК обезбедуваат цврста основа на насоки како да се имплементираат ревизорските стандарди на INTOSAI. ИФАК работи на зајакнување на сметководствената професија на светско ниво и дава придонес за развојот на силни меѓународни економии преку воспоставување, промовирање и придржување до високо квалитетни професионални стандарди, продлабочувајќи го меѓународното приближување кон истите, како и преку јавно говорење за проблемите од јавен интерес каде е најважна професионалната експертиза.

Соработката меѓу ИФАК, односно Одборот за обезбедување на ревизорски стандарди (IAASB) и Комитетот за ревизорски стандарди на INTOSAI се одвива во правец на обезбедување на меѓународни стандарди кои во најголем можен обем ги земаат во предвид специфичните аспекти на јавниот сектор, односно развој на стандарди кои во иднина би биле погодни за примена и во приватниот и во јавниот сектор.

***Декларација од Лима и Мексико***

Декларацијата од Лима (ISSAI 1) е еден од основните меѓународни документи кој ги дефинира основните принципи за државна ревизија (усвоена на IX Конгрес на ВРИ-INCOSAI во Лима 1977 година). Овој документ е надополнет со Декларација за независност (ISSAI 10) усвоена на XIX Конгрес на ВРИ (INCOSAI) во Мексико Сити 2007 година.

Во документот се наведува дека "Врховните ревизорски институции можат да ги извршуваат своите задачи објективно и ефективно само доколку се независни од субјектите кои се предмет на ревизија и доколку се заштитени од надворешно

влијание“. Декларацијата од Лима наведува неколку клучни особености на независност: ВРИ да биде независна од извршните органи и од оние врз кои врши ревизија; членовите на ВРИ да се заштитени од арбитрарно отстранување од должност и ВРИ да располага со финансиски средства за извршување на задачите. Се очекува оваа независност да биде поткрепена со Уставот и соодветното законодавство.

***Декларација од Пекинг***

Декларацијата од Пекинг за промовирање на доброто владеење од врховните ревизорски институции (2013), се однесува на улогата на ВРИ за поддршка на нивните влади заради подобрување на работењето, зајакнување на транспарентноста, обезбедување на отчетност, одржување на кредибилност, справување со корупцијата, промовирање на довербата на јавноста и заштита на интересите на граѓаните.

Декларацијата од Пекинг исто така посочува дека во светот каде случувањата се сѐ повеќе глобални, се јавува потреба меѓународната заедница на ВРИ да се сплоти во развој на заеднички одговори на ваквите случувања.

***Резолуции на Обединетите нации***

Прашањето за зајакнување  на независноста на ВРИ на меѓународно ниво се дополнува и со Резолуција А/66/209 усвоена на 66-то Генерално Собрание на Обединетите нации во декември 2011 година, со која принципите на независност на ВРИ добиваат највисоко признание. Оваа Резолуција има за цел да ја информира законодавната и извршната власт, јавноста, граѓаните и медиумите за вредностите и користа од зачувување на независноста на ВРИ и нивната улога и значење во однос на промовирање на ефикасноста, ефективноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација
Обединетите нации, ја потврдија неопходната улога на ВРИ за ефикасна, ефективна, транспарентна и отчетна имплементација на Агендата за одржлив развој 2030, особено преку резолуцијата на Генералното собрание на ОН „Промовирање и негување на ефикасност, отчетност, ефективност и транспарентност на јавната администрација преку зајакнување на врховните ревизорски институции (А/69/228), како и усвоената Декларација на ОН за целите на одржлив развој „Трансформирање на нашиот свет: Агенда за одржлив развој 2030“.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА ДЗР

Во периодот 2018-2022 година ДЗР ќе ги насочи своите активности кон реализација на следните цели:

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:

## ОСИГУРУВАЊЕ ЦЕЛОСНА НЕЗАВИСНОСТ НА ДЗР

Независноста е клучна во обезбедувањето на потребниот интегритет и кредибилитет на ДЗР.

ИНТОСАИ како меѓународна организација на ВРИ во Декларацијата на Лима и Мексико прецизно ги дефинира основните принципи за независно функционирање на националните ВРИ.

Во изминатиот период ДЗР активно беше вклучен во градењето на разбирањето на надлежните институции за овие принципи и за потребата од нивно обезбедување, што делумно е обезбедено со новиот закон за државната ревизија, и ќе продолжи да дејствува во насока на целосно обезбедување на неопходните услови.

### Непосредна цел 1.1

### Дефинирање на правниот статус на ДЗР како уставна категорија во Република Македонија

Активности:

- ДЗР ќе го следи процесот на дефинирање на правниот статус на институцијата и за таа цел ќе одржува редовни контакти со надлежните институции со цел да биде запознаен со текот на усвојувањето на правните решенија и ќе обезбеди потребни информации за дополнување на Уставот на Република Македонија.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:

## ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА КВАЛИТЕТОТ НА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

За да обезбедат независни, објективни, релевантни и транспарентни информации, ДЗР се залага за извршување ревизии со висок квалитет во кои јавноста ќе има доверба.

ДЗР врши финансиска ревизија со цел издавање мислење за реалноста и објективноста на финансиски извештаи на корисниците на јавни средства. Исто така, врши ревизии на успешност со цел давање на оценка за користењето на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност.

Согласно Законот за државната ревизија ДЗР го изготвува Годишниот извештај од извршените ревизии и за својата работа и истиот го поднесува до Собранието на Република Македонија.

Насоки за вршење на финансиска ревизија и ревизија на успешност се содржани во прирачниците и другите упатства подготвени од ДЗР во согласност со меѓународните ревизорски стандарди, како и во деталните упатства за годишно планирање на ревизијата, за известувањето од извршени ревизии, за утврдување на ниво на материјалност и за дефинирање на грешки и несигурности.

Составен дел на ревизорската пракса во ДЗР е следењето на степенот на исполнување на препораките од страна на ревидираните субјекти. Ревизорскиот извештај за извршената ревизија на спроведувањето на дадените препораки се изготвува согласно Упатство донесено од ДЗР, а ДЗР има утврдено процедури и алатки за прибирање на податоци за степенот на исполнувањето на препораките од надлежните органи.

Врз основа на процените за способностите на ревизорскиот кадар, ДЗР ги дефинира и потребите за обука на ревизорите, кои се утврдуваат со Годишната програма за работа на ДЗР.

ДЗР ќе продолжи да ја развива ревизорската пракса преку остварување на следните непосредни цели и активности:

Непосредна цел 2.1

**Подобрување на ефикасноста на планирање и програмирање на финансиски ревизии и ревизии на успешност**

ДЗР ги реализира дефинираните стратешки цели и насоки за работа преку годишните програми за работа. Годишната програма ги дефинира планираните субјекти и областите, односно прашањата кои ќе бидат ревидирани во текот на годината.

ДЗР има усвоено критериуми за избор на субјекти, односно области кои ќе бидат ревидирани на годишно ниво. Усвоениот пристап на планирање на ревизиите е во согласност со меѓународно прифатените стандарди и ревизорски пракси.

ДЗР ќе продолжи да ја развива ревизорската пракса преку развивање сеопфатен пристап во ревизијата кој ќе придонесе за консолидирано известувањето на Собранието на Република Македонија, надлежните органи и јавноста за начинот на користење на јавните средства.

Во периодот што следува ДЗР ќе се фокусира на обезбедување на потребните капацитети за повеќегодишно планирање на финансиските ревизии и ревизиите на успешност, земајќи го во предвид опфатот со ревизиите на буџетската потрошувачка, како и дефинирањето на ризични области, односно прашања релевантни за ревизијата на успешност, како што ЕУ фондови, јавни набавки, јавната внатрешна финансиска контрола, ИТ ревизијата, етиката, целите на одржлив развој, итн.

Повеќегодишното планирање на финансиските ревизии и ревизиите на успешност ќе има цел да се максимизира севкупниот ефект од извршените ревизии и да се зголеми ефикасноста со подобро користење на расположливите ресурси.

Активности:

- Ќе биде изготвена методологија за повеќегодишно планирање имајќи го предвид релевантното искуство на други врховни ревизорски институции, а во функција на подобрување на ефикасноста на програмирањето и планирањето на ревизијата;
- Ќе се развие процес на стратешко планирање кој ќе биде усогласен со приоритетите и расположливите ресурси на ДЗР .

**Непосредна цел 2.2**

**Подобрување на квалитетот на извршените ревизии и следење на ефектите од извршените ревизии**

ДЗР воспостави систем за осигурување на квалитет на ревизиите преку донесените Упатства за контрола на квалитет и осигурување на квалитет на ревизиите, како и преку работењето на Стручното тело за оценка и утврдување компактност и квалитет на ревизорските извештаи пред нивното доставување до законски утврдените субјекти.

Во 2017 година ДЗР донесе Годишна програма за осигурување на квалитет на ревизиите извршени во 2016 година, со која се планираа и извршија три ревизии, со цел да се обезбеди висок квалитет на работењето и извештаите коишто произлегуваат од работењето.

ДЗР континуирано го следи процесот и временските рокови на имплементирање на препораките во функција на унапредување на управувањето со јавните средства. Препораките и одговорите по препораките ја формираат основата за идни испитувања и следења на спроведувањето на препораките.

Согласно меѓународните ревизорски стандарди ДЗР ја следи имплементацијата на препораките преку редовните ревизии и преку посебно дефинирани ревизии и проверки за следење на степенот на имплементација на препораките. За таа цел ДЗР донесе Прирачник за следење на препораките.

Државниот завод за ревизија во текот на 2011 година имплементираше сопствен, интегриран, автономен и функционален софтвер за анализа на податоците од ревизорските извештаи (САПРИ) кој обезбедува функционалност и оперативност на ДЗР, како и сигурни, ажурни, навремени и релевантни информации за потребите на Државниот завод за ревизија и за другите субјекти. Еден дел на системот е во функција на следење на имплементација на препораките.

Во таа насока воведовме нови подобрени обрасци за следење на степенот на имплементација на препораките (ИЗПМ образец) кои се доставуваат до надлежните органи за пополнување. Содржините на образецот и Упатството за пополнување и доставување на образецот се усогласени со параметрите на влезни и излезни податоци и информации од софтверот за анализа на податоци. Во софтверот, исто така, редовно се ажурира статусот и преземените мерки за спроведување на

препораките, согласно извршените проверки и ревизии за следење на спроведување на препораките.

За поефикасно и порационално извршување на процесот на ревизијата, подобрување на капацитетите на ДЗР за извршување на високо квалитетна ревизија, во 2012 година потпишавме Меморандум за соработка со Канцеларијата на Главниот ревизор на Кралството Норвешка и склучивме договор за грант со Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка за имплементација на електронски систем за управување со процесот на ревизија. Системот е официјално воспоставен и ревизиите во 2017 година почнаа да се изведуваат со примена на AMS.

Активности:

- ДЗР ќе го унапредува системот за обезбедување квалитет на ревизијата, преку согледување на добрата пракса и размена на искуства со други врховни ревизорски институции;
- ДЗР ќе продолжи со проверка на квалитетот на ревизиите преку годишно планирање на ревизиите кои ќе бидат предмет на проверка;
- ДЗР ќе продолжи да ги врши ревизиите со примена на електронскиот систем за управување со процесот на ревизијата (AMS).
- ДЗР во континуитет ќе го унапредува системот на оценување на степенот на јасноста, конкретноста и начинот на презентирање на наодите и препораките во ревизорските извештаи;
- ДЗР во континуитет ќе го следи квалитетот на дадените препораки и степенот на нивна имплементација.

**Непосредна цел 2.3**

**Понатамошен развој на системот на следење и информирање за системските слабости заеднички за одделните ревидирани субјекти и активности**

Активности:

- Ќе дефинира нови пристапи помеѓу ДЗР и надлежните органи со цел да придонесе кон зголемување на степенот на надминување на утврдените системски слабости;
- Ќе се следи развојот на меѓународен план на иновативните ревизорски пристапи и методи со користење на нови технологии;

- Ќе обезбеди капацитети за следење на ревизорското опкружување (следење на трендови, состојби во одделни области и субјекти од интерес за ревизијата) од аспект на нивното влијание врз процесите на вршење ревизија во ДЗР.

**Непосредна цел 2.4**

**Промовирање и подобрување на имплементацијата на Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ISSAI)**

ДЗР ќе продолжи да ја промовира и подобрува имплементацијата на ISSAI преку анализирање, правење приоритети и хармонизирање (усогласување) на методолошките акти со ISSAI, имајќи го предвид релевантното искуство од активното учество на ДЗР во работните групи и проекти на INTOSAI и EUROSAI, како и искуството на други врховни ревизорски институции. Во таа насока ќе се направи анализа и оценка за степенот на хармонизација на постојните методолошки акти на ДЗР со ISSAIи ќе се дадат препораки за подобрување на методолошките акти на ДЗР заради нивна хармонизација со ISSAI.

Активности:

- ДЗР ќе продолжи со следење на степенот на усогласеност со ISSAI и понатамошна хармонизација на методолошки акти на ДЗР.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:

## ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ДЗР

Институциите кои користат јавни средства се должни преку ефикасни внатрешни контроли да ги извршуваат обврските кои се однесуваат на соодветно користење на средствата во процесот на обезбедување функции од општествен интерес. Оваа обврска особено се однесува на ДЗР како ВРИ, бидејќи сите ВРИ вршат проценка на субјектите кои се предмет на ревизија и треба да ги прифатат овие критериуми за проценка на сопственото однесување од две основни причини.

Од една страна ДЗР со својот пример може да го унапреди разбирањето на другите институции за потребата од постоење ефикасен систем на интерни контроли, а од друга страна и самиот ДЗР има обврска за обезбедување сигурност дека поставените цели ќе бидат исполнети.

Системот за внатрешна контрола на ДЗР се базира на контролни активности вградени во постојните постапки и структури на одговорност на вработените. Во ДЗР е формирано Одделение за внатрешна ревизија кое ќе даде свој придонес во развојот на внатрешните контроли и нивно ефикасно функционирање.

Човечките ресурси се еден од основните елементи во секоја ВРИ. Обучени, компетентни, мотивирани и посветени вработени имаат значајна улога во постигнување висок квалитет во ревизијата и во резултатите од истата. Со цел да обезбеди одржлив систем за управување со човечките ресурси, ДЗР има изработено Стратегија за управување со човечки ресурси за период 2013-2017 година и работи на нејзино ажурирање за период 2018-2022.

Внатрешната организација на ДЗР, видовите на организациони облици и нивниот делокруг на работа, како и начинот на раководење со организационите облици се условени од примарната задача на ДЗР, а тоа е вршењето на ревизија на регуларност и ревизија на успешност по видови на субјекти.

Со понатамошниот развој на пристапот на ревидирање на јавните средства преку развивање стратегија за ревизија, ДЗР ја прилагоди внатрешната организација за да може да одговори на барањата за ефикасно и ефективно работење.

Како и секоја друга врховна ревизорска институција, Државниот завод за ревизија има обврска да имплементира сопствена ефективна политика на интегритет, која претставува клучен услов за доверба на јавноста во јавната администрација и во работата на врховната ревизорска институција.

Државниот завод за ревизија има задача и обврска да ја обезбеди довербата на јавноста во работата на јавната администрација во Република Македонија. Ревизијата претставува неопходен дел од контролниот систем кој има за цел на време да ги открие отстапувањата од прифатените стандарди и повредите на принципите на легалност, ефикасност, ефективност и економичност во раководењето со јавните средства. Оваа позиција на Државниот завод за ревизија ја дефинира неговата улога на чувар на интегритетот на јавниот сектор. Државниот завод за ревизија оваа обврска може да ја исполни само доколку јавноста може да има доверба во неговата работа.

Свесен за значењето на интегритетот, Државниот завод за ревизија активно работи да го надгради постојниот контролен систем на интегритет за да имплементира уште поефективна политика на интегритет која одговара на нејзините потреби. За таа цел, во февруари 2012 година Државниот завод за ревизија спроведе работилница со свои вработени кои го оценија нивото на интегритет на Државниот завод за ревизија со примена на Into-SAINT (INTOSAI Self-Assessment Integrity Tool) методологијата развиена од страна на Холандскиот суд за ревизија за членките на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (INTOSAI). Како резултат на таа работилница беше изготвен извештај во кој се презентирани резултатите од само-оценувањето на нивото на интегритетот на Државниот завод за ревизија и се дадени препораки за зајакнување на контролниот систем на интегритет. Препораките за подобрување на системот на контрола на интегритетот, содржани во споменатиот извештај, се преточени како цели и активности во овој Стратегија за развој и во новата Стратегијата за управување со човечки ресурси на ДЗР 2018-2022.

Системот за контрола на интегритетот, утврден со Into-SAINT методологијата, содржи мерки кои го промовираат, следат и одржуваат интегритетот. Овој сет на мерки ги зема предвид соодветни и релевантни мерки на интегритет познати во литературата и праксата и ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции кои се однесуваат на етичките прашања. Системот на контрола на интегритетот на институцијата го сочинува сет од голем број мерки на интегритет кои се поделени во три главни групи и тоа општи, „тврди“ и „меки“ контроли. „Тврдите“ контроли главно се однесуваат на прописи, прописи и

технички системи. „Меките" контроли имаат за цел да влијаат врз однесувањето, работната атмосфера и институционалната култура. Општите контроли имаат широк опсег и се составени од мешавина од „тврди" и „меки" контроли.

**Непосредна цел 3.1**

**Понатамошно унапредување на системот за финансиско управување и системот на интерни контроли во ДЗР**

Активности:

- ДЗР континуирано ќе го унапредува постојниот систем за финансиско управување и контрола, согласно меѓународните и национални стандарди за внатрешна контрола;

- ДЗР ќе продолжи да создава услови за потребни ресурси (човечки и финансиски) и за унапредување на воспоставениот систем за финансиско управување и контрола.

**Непосредна цел 3.2**

**Понатамошно унапредување на функционалната, организациската и кадровската структура**

ДЗР донесе интерни акти за усогласување на функционалната, организациската и кадровската структура и специфичните одговорности во ДЗР со правната рамка (Закон за државна ревизија).

Активности:

- Подобрување на институционалните и човечките капацитети на ДЗР;
- Достигнување оптималниот број на вработени и усогласување на организационата поставеност и вкупниот број на извршители со надлежностите и дефинираните стратешки цели;
- Развој на ревизорските вештини за определени видови и специфични области за ревизија, како што се ревизија на регуларност, ревизија на успешност, стратешко планирање, ревизија на единиците на локалната самоуправа, ревизија на политички партии и изборни кампањи, откривање на нерегуларности и корупција во јавниот сектор и други аспекти кои значајни за спроведување на ревизиите.

**Непосредна цел 3.3.**

**Зајакнување на системот за контрола на интегритет**

Државниот завод за ревизија во 2012 година спроведе само - оценувањето на интегритетот на ДЗР, со примена на SAINT методологијата развиена од страна на Холандскиот суд за ревизија за членките на ИНТОСАИ. Како резултат на само-оценката беше продуциран извештај со препораки за подобрување на системот на контрола на интегритетот.

Државниот завод за ревизија како член активно учествува во активностите на EUROSAI Работната група за етика и ревизија и во таа насока остварува контакти со други ВРИ со цел споделување на искуства и разгледување на можностите за спроведување на истражување за интегритет во насока на обезбедување на придонес кон превенција на корупцијата во субјектите од јавниот сектор, како и за зајакнување на интегритетот во ДЗР.

Активности:

**Општи контроли:**

- ДЗР ќе развие политика на интегритет и ќе донесе план за интегритет кој ќе содржи конкретни цели и одговорности, како и ќе содржи соодветни и релевантни мерки за зајакнување на интегритетот;
- ДЗР ќе изврши анализа која ќе вклучува идентификација на активностите и работните места кои се одликуваат со ранливост по однос на интегритетот;
- ДЗР периодично ќе организира ревидирање на системот на интегритет;
- ДЗР ќе воспостави процедура за начинот на известување на сомнежи во однос на повреда на интегритетот од страна на вработените (процедура на пријавувачи на сомнежи);
- ДЗР ќе го утврди начинот и постапката на испитување на повредите на интегритетот.

**„Тврди контроли“:**

- ДЗР ќе определи функционална одговорност за интегритет, вклучувајќи назначување на лице одговорно за интегритетот (одговорно за целосно планирање, имплементација и следење на политиката на интегритет).

**„Меки контроли“:**

- ДЗР ќе воведе механизми за „мерење“ на задоволството на вработените од работата;
- ДЗР ќе ги извести вработените за воспоставениот начин на справување со повредите на интегритетот во институцијата.
- ДЗР ќе одржува култура на одговорност на секој вработен за своето однесување.

**Спроведување на истражување за интегритет**

- ДЗР ќе ги анализира резултатите од спроведеното истражување на етиката и интегритетот како систем на вредности и принципи кои треба не само да ја заштитат репутацијата на институциите од јавниот сектор туку и да ја унапредат ефикасноста и ефективноста во нивното работење.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4:

## ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА ИНФОРМАЦИСКИОТ СИСТЕМ ВО ДЗР, ПРИМЕНА НА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И НЕЈЗИНО РАЦИОНАЛНО И ЕФИКАСНО ИСКОРИСТУВАЊЕ ВО РЕВИЗИЈАТА

Интегритетот и достапноста на информациите и информациските системи, континуитетот и ефикасноста на процесите во ДЗР мора да се обезбедени со ИТ инфраструктура со висок квалитет.

За обезбедување услови за постигнување на потребниот квалитет ДЗР донесе ИТ стратегија за периодот 2013-2017 година и работи на нејзино ажурирање за период 2018-2022.

Главната цел на ИТ Стратегијата е зголемување на целосната ефикасност на системот на ДЗР, заснована на ИТ решенија и системи во согласност со европските и меѓународните стандарди.

За планирање и поефикасно извршување на ревизијата, во ревизорската пракса се користи Системот за управување со ревизијата (AMS).

Дополнително, во ревизорската работа се користат Компјутерски потпомогнати техники (CAATs), како и IDEA софтверот за анализа на податоци.

Државниот завод за ревизија го одржува, развива и унапредува информацискиот систем согласно техничко технолошкиот развој.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5:

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА КОМУНИКАЦИЈА И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ СО ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ПРАВНИ СУБЈЕКТИ И ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДЗР

Комуникацијата е начин на кој секоја ВРИ може да ја зајакне сопствената ефективност и да придонесе за поголема транспарентот и отчетност во управувањето со јавните средства. Улогата на ВРИ и влијанието на ревизорските извештаи може да биде максимизирано со добра комуникација.

Добрата комуникација придонесува и за градење на добри односи со корисниците на нивните услуги и со субјектите на ревизија и ги јакне врските со граѓаните. Комуникацијата е истовремено и еден од најдобрите поттикнувачи за ВРИ и за ревизорите да ја унапредат својата работа. На меѓународен план, комуникацијата со другите ВРИ и професионалните организации континуирано го збогатува, надградува и потврдува професионалното знаење и квалитетот во работењето на ревизорите.

За да ја извршуваат успешно својата стратешка улога во зајакнување на демократијата и доброто владеење, ВРИ градат институционален капацитет и ја поставуваат внатрешната и надворешната комуникација како своја стратешка цел.

Оттука, комуникацијата на ДЗР со Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, субјектите на ревизија и другите надлежни органи, како и со медиумите, граѓанското општество и јавноста ја зголемува ефективноста на ДЗР и му овозможува да придонесе кон транспарентноста и отчетноста во управувањето со јавните средства.

ДЗР има лице задолжено за односи со јавноста (портпарол) и го постави унапредувањето на системот на комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни правни субјекти и информирање на јавноста за работењето на ДЗР како своја стратешка развојна цел.

ДЗР користи традиционални и нови начини на внатрешна и надворешна комуникација. ДЗР има своја веб страница www.dzr.mk на која ги објавува конечните ревизорски извештаи и други информации и документи што овозможуваат увид во целокупното негово работење, како и интранет како средство преку кое вработените во ДЗР се информираат за сите активности, имаат пристап до

потребните материјали за работа, и можат да разменат мислења / дискусии на одредена тема со колегите. ДЗР изготвува и прирачници, брошури и сличен материјал.

Во соработка со Холандскиот суд за ревизија беше изготвен прирачник „Вовед во ревизорски извештаи" со цел унапредување на соработката на ДЗР со Собранието на РМ, кој претставува уште еден инструмент за соработка и чекор повеќе во правец на нејзино интензивирање и продлабочување.

Во наредниот петгодишен период се планира спроведување на следните

Активности:

- Унапредување и продлабочување на соработката со Собранието на Република Македонија, со цел изнаоѓање на соодветен институционален механизам за редовно разгледување и дискусија во Собранието во однос на ревизорските извештаи на ДЗР;
- Унапредување на соработката со Владата на Република Македонија, субјектите на ревизија, други органи надлежни да постапуваат по ревизорските извештаи, како и со другите институции во Република Македонија;
- Продолжување на учеството на ДЗР во активностите на ИНТОСАИ и ЕУРОСАИ и соработката со Европскиот суд на ревизори;
- Продолжување на активностите насочени кон подобро разбирање и користење на ревизорските извештаи;
- Континуирано подобрување и одржување на постојните и воведување на нови форми на комуникација со поголемо користење на модерните комуникациски технологии, како што се интернетот и социјалните медиуми;
- Понатамошно популаризирање на улогата и значење на државната ревизија и системот на финансиска контрола преку изготвување на пишани материјали (прирачници, брошури и сл.) и други соодветни начини.

Бр. 01-723/1

Скопје, 21.12.2017

Главен државен ревизор

м-р Тања Таневска